# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-4168/1

Скопје 26.09.2017г.

**Предмет: Втор дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува вториот дневен извештај за 26 септември 2017 година.

Во рамки на овој извештај, Ве известуваме дека Агенцијата доби две претставки од Медиа Мониторинг Центарот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за емитувани прилози во вестите на ТВ Сител и на ТВ Алфа на 22 септември 2017 година, со чија содржина според нив „недвосмислено се потврдува започнување на изборна кампања", спротивно на роковите утврдени во член 69-а од Изборниот законик.

Имајќи предвид дека за предвремено започнување на изборна кампања се одговорни учесниците во изборниот процес, а не медиумите и дека согласно член 69-а став 3 од Изборниот законик, за непочитување на член 69-а ставови 1 и 2, постапува Државната изборна комисија, во прилог на овој Извештај Ви ги доставуваме двете претставки од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

..............................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009